ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 037
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

10-15259/1
25.10.2018

**Од: Фондот за здравствено осигурување на Македонија**

**До: ЈЗУ/ПЗУ____________________**
**Лекарска/Стоматолошка/Фармацевтска комора**
**Здружение на приватни лекари/стоматолози**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Согласно Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење, пристап, издавање, чување и заштита на податоците од информациониот систем на ФЗОМ достапни на Веб порталот („Службен весник на РМ" бр. 184/2017 година) и Правилникот за изменување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на РМ" бр. 146/2018 година), заради користење на електронските здравствени услуги (избор на лекар и електорнско потпишување на фактури), покрај електронската здравствена картичка, Фондот воведува и користење на квалификуван дигитален сертификат. За таа цел Фондот во изминатиов период направи адаптација на софтверските решенија во информацискиот систем со што го овозможи користењето на ЕЗК и на квалификуваниот дигитален сертификат.

Сите заинтересирани корисници на електронските услуги на Фондот опфатени во погоре наведените подзаконски акти, во наредниот период можат по сопствено видување на направат набавка на квалификуван дигитален сертификат од еден од двата овластени издавачи на сертификати Македонцки Телеком или КИБС.
Детални информации за начинот и потребната документација за набавка на квалификувани сертификати достапни се на следниве веб локации:

- Македонски Телеком - http://ict.telekom.mk/digitalni-sertifikati.nspx
- КИБС - https://www.kibstrust.mk/mk-MK/Home/ElektronskiPotpis

Напоменуваме дека сите регистрирани лица со корисничко име на порталот на Фондот (лекари, стоматолози, фармацевти, овластени лица од здравствените установи и правните субјекти и останати) кои сеуште имаат валидна електронска здравствена картичка и понатаму ќе можат да ја користат истата.
Функционалноста за користење на квалификуваните дигитални сертификати кај електронските услуги на Фондот, ќе биде достапна во почетокот на месец ноември 2018 година за што дополнително ќе Ве известиме.
Фондот за здравствено осигурување на Македонија на својата web страна ќе објави упатство за начинот на најава на квалификуваните сертификати на порталот на Фондот.
Воедно би сакале да укажеме дека Фондот континуирано работи на проширување и воведување на други електронски услуги кои ќе се користат со употреба на квалификуван дигитален сертификат, за што навремено ќе Ве известиме.

Со почит,

**Директор**
Данаил Дончев

**Директор**
Орхан Рамадани
Orhan Ramadani

Изработил: м-р Татјана Ѓоргиева
Контролирал: Јасмина Смилевска
Согласен: д-р Гоце Гаврилов